ООУ "НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА- ДУЊА"
КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ

Co-funded by the European Union



ЕРАЗМУС + ПРОЕКТ
2022-1-MK01-KA121-SCH-000065423
2020-1-MK01-KA120-SCH-000094514

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

ФИНАНСИРАНО ОД ЕВРОПСКА УНИЈА. ИСКАЖАНИТЕ СТАВОВИ И МИСЛЕЊА СЕ САМО НА АВТОРОТ(ИТЕ) И НЕ МОРА ДА ГИ ОДРАЗУВААТ СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ИЛИ ЕВРОПСКАТА ИЗВРШНА АГЕНЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА (ЕАСЕА). НИТУ ЕВРОПСКАТА УНИЈА, НИТУ "ЕАСЕА" НЕ МОЖАТ ДА СНОСАТ ОДГОВОРНОСТ ЗА НИВ

Erasmus+
Enriching lives, opening minds.

ООУ “НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА- ДУЊА”
КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ

ЕДУСТРИПОВИ: УЧЕЊЕ НАДВОР ОД КУТИЈАТА

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Co-funded by
the European Union

FUNDED BY THE EUROPEAN UNION. VIEWS AND OPINIONS EXPRESSED ARE HOWEVER THOSE OF THE AUTHOR(S) ONLY AND DO NOT NECESSARILY REFLECT THOSE OF THE EUROPEAN UNION OR THE EUROPEAN EDUCATION AND CULTURE EXECUTIVE AGENCY (EACEA). NEITHER THE EUROPEAN UNION NOR EACEA CAN BE HELD RESPONSIBLE FOR THEM.

Уредник:
м-р Ирена Христовска
Илустратор:
Петар Беслаќ
техничка обработка:
Андријана Димитриевска Велкоска
Автори:
Андријана Димитриевска Велкоска
м-р Ирена Христовска
Александра Цветановска
Ивана Јовановска
Лектор:

Издавач:
ООУ “Невена Георгиева- Дуња”, Кисела Вода, Скопје

Печатница:

Тираж:

Година на издавање:
2024

CIP- Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”- Скопје

Co-funded by
the European Union

FUNDED BY THE EUROPEAN UNION. VIEWS AND OPINIONS EXPRESSED ARE HOWEVER THOSE OF THE AUTHOR(S) ONLY AND DO NOT NECESSARILY REFLECT THOSE OF THE EUROPEAN UNION OR THE EUROPEAN EDUCATION AND CULTURE EXECUTIVE AGENCY (EACEA). NEITHER THE EUROPEAN UNION NOR EACEA CAN BE HELD RESPONSIBLE FOR THEM.

КНИГА СО СТРИПОВИ

ЗДРАВО! НИЕ СМЕ КАЛИНА И ЗЛАТЕ. ПРИДРУЖЕТЕ НИ СЕ НИЗ СТРАНИЦИТЕ НА ОВАА КНИГА И СО НАС НАУЧЕТЕ НЕКОЛКУ ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС. ВИ ПОСАКУВАМЕ ДОБРА ЗАБАВА!



УПАТСТВО:

ВО ОВАА КНИГА ИМА 11 СТРИПОВИ. ПРИКАЗНАТА КОЈА ЈА РАСКАЖУВА СЕКОЈ ОД НИВ МОЖЕ ДА БИДЕ ИСКАЖАНА СО РАЗЛИЧНИ ЗБОРОВИ, НО СУШТИНАТА Е ИСТА. НАЈПРВО, ПРОЧИТАЈТЕ ГИ НАШИТЕ ЗБОРОВИ. ПОТОА ПРЕРАСКАЖЕТЕ ЈА НАУЧЕНАТА ЛЕКЦИЈА НА ВАШ НАЧИН. БИДЕТЕ НАШИОТ СЦЕНАРИСТ И ПОПОЛНЕТЕ ГИ ПРАЗНИТЕ БАЛОНЧИЊА. НА КРАЈ, ДОДАЈТЕ МАЛКУ БОЈА!



СОДРЖИНА:



1.МИСТЕРИЈАТА НА ЗАБОРАВЕНИОТ ОСТРОВ

2.МАГИЧНИОТ СВЕТ НА НАУКАТА

3.ИСКРАТА НА ОТКРИТИЕТО

4.ТАЈНИТЕ НА ЗВУКОТ

5.ПОТРАГАТА ПО МАКЕДОНСКИОТ РУБИН

6.ЖЕЛБИТЕ НА ЗЛАТНАТА ПАСТРМКА

7.КОШНИЦАТА НА ЗДРАВЈЕТО

8.ОДЕКОТ НА ЗВУЦИТЕ

9.ИСКРИ И МАГНЕТИ

10.МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ I ДЕЛ

11.МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ II ДЕЛ

1. МИСТЕРИЈАТА НА ЗАБОРАВЕНИОТ ОСТРОВ


КАЛИНА, ПОГЛЕДНИ ГО ОВОЈ ОСТРОВ ОВДЕ! ГО НЕМА НА НИТУ ЕДНА ДРУГА КАРТА!
ТОА МОРА ДА БИДЕ ТОА!




ОВОЈ ОСТРОВ БИЛ ДОМ НА ЗАБОРАВЕНА ЦИВИЛИЗАЦИЈА!
ОООО


ШТО МИСЛИШ ДЕКА Е ОВА?






OOOO



2. МАГИЧНИОТ СВЕТ НА НАУКАТА


ДЕНЕС ЌЕ ЈА РЕШИМЕ МИСТЕРИЈАТА НА ЛЕТАЊЕТО!
НЕКОИ ПРЕДМЕТИ ПАЃААТ ПОБРЗО ОД ДРУГИТЕ!
ТОА Е ПОРАДИ ГРАВИТАЦИЈАТА! СЕКОЕ ТЕЛО ПРИВЛЕКУВА ДРУГО ТЕЛО. ПОГОЛЕМОТО ТЕЛО, КАКО ЗЕМЈАТА, ГИ ПРИВЛЕКУВА ПОМАЛИТЕ ПРЕДМЕТИ КОН НЕА.


КРИЛЈАТА НА НАШИОТ МОДЕЛ ТРЕБА ДА ИМААТ СПЕЦИЈАЛЕН ОБЛИК ЗА ДА СОЗДАДАТ ПОВЕЌЕ ВОЗДУШЕН ПРИТИСОК ОД ДОЛУ.
СЕГА, ДА ВИДИМЕ ДАЛИ МОЖЕМЕ ДА ГО НАДМИНЕМЕ ВЛИЈАНИЕТО НА ГРАВИТАЦИЈАТА!
ТОА ФУНКЦИОНИРА!
ГЛЕДАШ ЛИ, СО РАЗБИРАЊЕ НА НАУЧНИТЕ ПРИНЦИПИ, МОЖЕМЕ ДА РЕШИМЕ ПРОБЛЕМИ И ДА НАПРАВИМЕ НЕШТАТА ДА ЛЕТААТ!
СЛЕДНИОТ ПАТ ЌЕ ЈА ИСТРАЖИМЕ МИСТЕРИЈАТА НА ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ!





3. ИСКРАТА НА ОТКРИТИЕТО


КАКО РАБОТИ ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ!


ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ ПАТУВА ПРЕКУ ЖИЦИТЕ, КАКО ОВОЈ КАБЕЛ, ОД ЕДЕН КРАЈ НА БАТЕРИЈАТА ДО ДРУГИОТ


КОГА ЖИЦИТЕ КЕ СЕ ПОВРЗАНИ, ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ ПОМИНУВА И СВЕТИЛКАТА СВЕТИ!


ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ МОЖЕ ДА НАПОЈУВА РАЗЛИЧНИ УРЕДИ, НЕ САМО СВЕТИЛКИ!
ON
OFF







ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ Е НЕВЕРОЈАТЕН ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА ШТО МОЖЕ ДА ГИ НАПОЈУВА УРЕДИТЕ ВО НАШИТЕ ДОМОВИ. НО МОРА ВНИМАТЕЛНО ДА СЕ РАКУВА СО НЕГО.



СЕГА СИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА УЧАТ ЗА МОЌТА НА ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ!


ON
OFF


OFF
ON






ЕЛЕКТРИЦИТЕТ
КАКО
ФУНКЦИОНИРА

4. ТАЈНИТЕ НА ЗВУКОТ


ДЕНЕС ЌЕ ОТКРИЕМЕ КАКО ПАТУВА ЗВУКОТ!
ЗОШТО МОЖЕМЕ ДА ГО СЛУШАМЕ ОВОЈ ЗВУК?
ЗВУКОТ Е ВИБРАЦИЈА КОЈА ПАТУВА НИЗ ВОЗДУХОТ ДО НАШИТЕ УШИ!


ОВА Е ЕДНОСТАВНО УРЕД ЗА ПРЕНОС НА ЗВУК.
КОГА ЗБОРУВАМ ВО ЕДЕНАТА ЛИМЕНКА, ЗВУКОТ ПАТУВА НИЗ КОНЕЦОТ ДО ТЕБЕ.
ПАТУВАЊЕТО НА ЗВУКОТ Е ПОЕФИКАСНО НИЗ ЦВРСТИ МАТЕРИЈАЛИ!


КОГА ЌЕ ЈА ДОПРЕМЕ СТРУНАТА, ЅВОНЧИЊАТА ЌЕ ЅВОНАТ ОД ВИБРАЦИИТЕ!
ТАКА ЗВУКОТ ПАТУВА! ОД ЕДНО ЅВОНЧЕ ДО ДРУГО ПРЕКУ ВИБРАЦИИТЕ!
ЗВУКОТ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА МАЛИ БРАНОВИ ШТО СЕ ШИРАТ КАКО ВО ВОДА КОГА ФРЛАМЕ КАМЧЕ!
СЕКОЈ ПРЕДМЕТ СОЗДАВА РАЗЛИЧЕН ЗВУК, ЗАВИСНО ОД НЕГОВАТА ВИБРАЦИЈА!





5. ПОТРАГАТА ПО МАКЕДОНСКИОТ РУБИН


ДОЈДОВМЕ ДА ГИ ОТКРИЕМЕ ТАЈНИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ РУБИН


НЕ Е САМО КАМЕН;
ТОА Е ДЕЛ ОД НАШЕТО НАСЛЕДСТВО!


МУЗЕЈ
СЕКОЕ ПАРЧЕ РАСКАЖУВА ПРИКАЗНА ЗА ВЕШТИНАТА И ТРАДИЦИЈАТА.


ОВИЕ РУБИНИ СЕ СИМБОЛИ НА ГОРДОСТ И УБАВИНА.


ПРЕЦИЗНОСТА И ДЕТАЛИТЕ СЕ НЕВЕРОЈАТНИ!


ОВОЈ КАМЕН СЕКОГАШ ЌЕ НÈ ПОТСЕТУВА НА НАШЕТО ПАТУВАЊЕ И БОГАТАТА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА КОЈА ЈА ОСОЗНАВМЕ!


МАКЕДОНСКИ РУБИН МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО


MYSEJ








МАКЕДОНСКИ
РУБИН
МАКЕДОНСКО
КУЛТУРНО
НАСЛЕДСТВО

6. ЖЕЛБИТЕ НА ЗЛАТНАТА ПАСТРМКА


ОВА ЕЗЕРО Е НАВИСТИНА ЧУДО НА ПРИРОДАТА!
ЗДРАВО! ЈАС СУМ ЗЛАТНАТА ПАСТРМКА, ВЕ ЗАМОЛУВАМ ДА МИ ПОМОГНЕТЕ! ИСПОЛНЕТЕ МИ САМО ТРИ ЖЕЛБИ?


1
МОЈАТА ПРВА ЖЕЛБА Е ДА СЕ ИСЧИСТИ СМЕТОТ ШТО ГО ЗАГАДУВА МОЈОТ ДОМ.
САКАМ ДА ИМА ЧИСТ ВОЗДУХ НАД МОЈОТ ДОМ.
САКАМ СИТЕ ДА ЗНААТ КОЛКУ Е ВАЖНО ДА СЕ ЧУВА ВОДАТА!


ОВА БЕШЕ НЕВЕРОЈАТНО ИСКУСТВО, МИ ПОМОГНАВТЕ И МЕНЕ И НА ЖИВИОТ СВЕТ ВО ЕЗЕРОТО, А ВОЕДНО И ВИЕ НАУЧИВТЕ МНОГУ НЕШТА ЗА НАС!




1
2



7. КОШНИЦАТА НА ЗДРАВЈЕТО


ДА ИЗБЕРЕМЕ САМО НАЈСВЕЖИ И НАЈЗДРАВИ СОСТОЈКИ!
ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА ОВОШЈЕТО И ЗЕЛЕНЧУКОТ СЕ ПОЛНИ СО ВИТАМИНИ КОИ НИ ПОМАГААТ ДА ОСТАНЕМЕ ЗДРАВИ И ДА ИМАМЕ МНОГУ ЕНЕРГИЈА?
ЈАБОЛКАТА СЕ ОДЛИЧНИ ЗА СРЦЕТО И ПОМАГААТ ВО ОДРЖУВАЊЕ НА ЗДРАВО ТЕЛО!
ОВА ЌЕ НИ ДАДЕ ТОН ЕНЕРГИЈА!


СЕКОЈА БОЈА ВО САЛАТАТА ПРЕТСТАВУВА РАЗЛИЧНИ АНТИОКСИДАНТИ КОИ ГО ШТИТАТ НАШЕТО ЗДРАВЈЕ.
ПРЕРАБОТЕНАТА ХРАНА ЧЕСТО СОДРЖИ КОНЗЕРВАНСИ И ВЕШТАЧКИ АДИТИВИ КОИ НЕ СЕ ДОБРИ ЗА НАС.
ЗАМРЗНАТИОТ ЈОГУРТ СО ОВОШЈЕ Е МНОГУ ПОДОБРО ОД ОБИЧНИТЕ СЛАТКИ, ПА ДУРИ И ОД СЛАДОЛЕДОТ!
ЗДРАВАТА ХРАНА И АКТИВНИОТ НАЧИН НА ЖИВЕЕЊЕ СЕ НАЈЗНАЧАЈНИ ЗА ДОБРО ЗДРАВЈЕ И СРЕЌА.





8. ОДЕКОТ НА ЗВУЦИТЕ


ДЕНЕС ЌЕ ОТКРИЕМЕ КАКО РАЗЛИЧНИТЕ ЗВУЦИ ВЛИЈААТ НА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС!


МУЗИКАТА Е ПРЕКРАСЕН ПРИМЕР ЗА ТОА КАКО ЗВУЦИТЕ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА НАШИТЕ ЧУВСТВА И РАСПОЛОЖЕНИЕ.


СЛУШАЈ ГИ ПТИЦИТЕ И ВЕТЕРОТ! ПРИРОДНИТЕ ЗВУЦИ МОЖАТ ДА НИ ПОМОГНАТ ДА СЕ ОПУШТИМЕ И ДА СЕ ЧУВСТВУВАМЕ СРЕЌНО.


ЕХОТО НИ ПОКАЖУВА КАКО ЗВУКОТ ПАТУВА И СЕ ОДБИВА ОД ПРЕДМЕТИТЕ!
ГРАДСКИТЕ ЗВУЦИ, КАКО ШТО СЕ СООБРАЌАЈ И ВРЕВАТА, МОЖАТ ДА БИДАТ ГЛАСНИ И СТРЕСНИ.
SCRECH!
BBRRRMM
WROOOM
УЛТРАЗВУКОТ СЕ КОРИСТИ ЗА ДА ГИ ВИДИМЕ ВНАТРЕШНИТЕ ОРГАНИ НА ЧОВЕКОТ БЕЗ ОПЕРАЦИЈА.
ЗВУЦИТЕ НЕ САМО ШТО НЀ ИНФОРМИРААТ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС, ТУКУ ИСТО ТАКА ЈА ОБЛИКУВААТ НАШАТА РЕАЛНОСТ И ПЕРЦЕПЦИЈА.




SCRECH!
BBRRRMM
WROOOM

9. ИСКРИ И МАГНЕТИ


ДЕНЕС ЌЕ ИСТРАЖУВАМЕ КАКО ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ И МАГНЕТИЗМОТ РАБОТАТ ЗАЕДНО!


КОГА ЌЕ ГО ЗАТВОРИМЕ ЕЛЕКТРИЧНОТО КОЛОТО ОД БАТЕРИЈА, ЖИЧКИ И СВЕТИЛКА, ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ ТЕЧЕ И СВЕТИЛКАТА СВЕТИ!


МАГНЕТНОТО ПОЛЕ ПРЕДИЗВИКУВА ДВИЖЕЊЕ НА ЧЕЛИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ КАКО СТРЕЛКАТА НА КОМПАСОТ!



ЕЛЕКТРИЦИТЕТОТ И МАГНЕТИЗМОТ СЕ НАВИСТИНА НЕВЕРОЈАТНИ, ТИЕ НИ ОВОЗМОЖУВААТ ДА СОЗДАВАМЕ И ЈА КОРИСТИМЕ ТЕХНОЛОГИЈА СЕКОЈ ДЕН!













10. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ I ДЕЛ


ЗДРАВО НА СИТЕ, ДАЛИ ПРОЧИТАВТЕ ШТО ПОСЛЕДНО ОБЈАВИЛЕ ПОВРЗАНО СО КОВИД-19?
ПОСТ
СЕГА ВЕДНАШ ЌЕ ГО ПОСТИРАМ!
НЕ, НЕ СУМ ВИДЕЛ. МОЖЕ ДА МИ КАЖЕШ ШТО ОБЈАВИЛЕ, СИГУРНО Е НЕШТО ВАЖНО И ТРЕБА ДА ГО ЗНАЕМЕ


ВЕЛАТ ДЕКА КОВИД 19 СЕ ПРЕНЕСУВА ПРЕКУ УБОД ОД КОМАРЦИ.
ДАЛИ СИ СИГУРНА, ДАЛИ ГО ПРОВЕРИ ТВОЈОТ ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ?


ЗОШТО ДА ГО ПРОВЕРУВАМ, ЕВЕ САМИОТ ПРОЧИТАЈ!


ОВА НЕ МОЖЕ ДА Е ВИСТИНА, ПОГЛЕДНИ ИМА ПРЕМНОГУ ПЕЧАТНИ ГРЕШКИ!
ВО РЕД, ТОА СЕ СЛУЧУВА.
ИСТО ТАКА НЕ ЦИТИРААТ НИТУ ЕДЕН ИЗВОР НА ИНФОРАЦИИ, НИТУ Е НАВЕДНА ОФИЦИЈАЛНА СТРАНА ОД КАДЕ Е ПРЕВЗЕМЕНА ИНФОРМАЦИЈАТА.


ВЕРОЈАТНО САКАЛЕ ДА БИДАТ ПРВИ КОИ ЌЕ ЈА ОБЈАВАТ ПА НЕ СТИГНАЛЕ ДА ЦИТИРААТ.


ОВА Е ВЕРОЈАТНО НЕКОЈ КОЈ САМО ЗЕМАЛ ФОТОГРАФИЈА КОЈА ЈА НАШОЛ ОН ЛАЈН И ЗАЛЕПИЛ ИНФОРМАЦИЈА.
ТОА Е ТОЛКУ ТЕШКО ДА СЕ ЗАБЕЛЕЖИ.
ДА, ВО ПОСЛЕДНО ВРЕМЕ Е СЕ ПОТЕШКО ДА СЕ УТВРДИ ЛАЖНА ИНФОРМАЦИЈА, НО ВО ОВОЈ СЛУЧАЈ Е НАВИСТИНА ОЧИГЛЕДНО.
ТИ БЛАГОДАРАМ, СЕПАК НЕМА ДА ГО ПОСТИРАМ ОВА.


ПОСТ
ОПАСНО ИЗБЕГУВАНЕ



11. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ II ДЕЛ


ЗДРАВО, ДАЛИ СЛУШНА ДЕКА ВО НАШАТА ЗООЛОШКА ГРАДИНА ДОНЕЛЕ КАМИЛА СО 4 ГРПКИ. ТОА ТУКУ ШТО ГО ПРОЧИТАВ НА ИНТЕРНЕТ ДУРИ ЈА ИМАШЕ И НА ФОТОГРАФИЈА. ИНФОРМАЦИЈАВА Е ТОЛКУ ДОБРА ШТО МОРА ДА ЈА СПОДЕЛАМ.
ЧЕКАЈ. НЕ СЕКОГАШ ТОА ШТО ЌЕ ГО ПРОЧИТАШ НА ИНТЕРНЕТ Е ТОЧНО. ТОА МОЖЕ И ДА СЕ ЛАЖНИ ИНФОРМАЦИИ


ЗОШТО НЕКОЈ БИ ТРОШЕЛ ВРЕМЕ ДА ШИРИ ЛАЖНИ ИНФОРМАЦИИ?
ТОА Е ЗА СОБИРАЊЕ НА „КЛИКОВИ„. КОЛКУ ПОВЕЌЕ НЕКОЈ ЌЕ ЈА ОТВОРИ ПРИКАЗНАТА, ОДНОСНО ЌЕ КЛИКНЕ НА НЕА, ТОЛКУ ПОВЕЌЕ ПАРИ.


ДА, СУМ ПРИМЕТИЛ ДЕКА МНОГУ ЧЕСТО ЗА ДА ПРОЧИТАМ НЕШТО, МИ БАРА ДА ОТВОРАМ НЕКОЈ ДРУГ ЛИНК. НЕ СУМ ЗАНЕЛ ДЕКА НА ТОЈ НАЧИН ЛУЃЕТО ДОБИВААТ ПАРИ.
$100


ИСТО ТАКА ЛУЃЕТО ПОНЕКОГАШ САКААТ ДА ГИ РАШИРАТ СВОИТЕ УБЕДУВАЊА БЕЗ ДА ГИ ПОТКРЕПАТ СО ФАКТИ


ПА КАКО ЌЕ ЗНАМ ДАЛИ ИНФОРМАЦИЈАТА Е ВИСТИНСКА ИЛИ ЛАЖНА?
КОГА НЕ СЕ СПОМНУВААТ ОЧЕВИДЦИ, КОГА ПРИКАЗНАТА Е ПОТВРДЕНА ОД ЛАЖНИ ЕКСПЕРТИ ИЛИ МНОГУ ОЧИГЛЕДНО КОГА ФОТОГРАФИЈАТА КОЈА Е ПРИКАЧЕНА Е НАПРАВЕНА ВО ФОТОШОП. ОВА СЕ НЕКОЛКУ РАБОТИ КОИ МОЖЕ ДА ПОСЛУЖАТ КАКО ИНДИКАТОРИ ЗА ЛАЖНА ПРИКАЗНА.


ТИ БЛАГОДАРАМ. ОД СЕГА ДОКОЛКУ НЕ ПОТВРДАМ ДЕКА ИНФРОМАЦИЈАТА Е ТОЧНА , НЕМА ДА ЈА СПОДЕЛУВАМ






$100







Почитувани ученици, наставници и родители, вашето мислење ни е важно. Би ви биле благодарни доколку го споделите со нас.

за наставници

за родители

за ученици